**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**31ви, мај 2010 година**

**Конференција: „Проширувањето на ЕУ: Помеѓу Лисабонскиот договор и економското закрепнување“**

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД во соработка со Паневропската унија на Македонија, на 26-ти мај 2010 година, организираше конференција на тема **„Проширувањето на ЕУ: Помеѓу Лисабонскиот договор и економското закрепнување“**. Конференцијата беше поддржана од Секретаријатот за европски прашања и Собранието на Република Македонија.

Конференцијата се фокусираше на проширувањето на Европската Унија со земјите од Западен Балкан, а особено на прашањата и проблемите со кои овие земји се соочуваат во процесот на нивно интегрирање во Европската Унија, како и изнаоѓање на насоки за забрзување на интегративниот процес на истите, со посебен акцент на Република Македонија.

На Конференцијата земаа учество истакнати странски и домашни говорници, меѓу кои европратеникот Бернд Поселт, г-дин Мартин Камп, генерален секретар на ЕНП – ЕД групата во Европскиот Парламент, г-дин Зигберт Албер, поранешен Главен адвокат на Судот на Правдата и поранешен Вице Претседател на Европскиот Парламент, меѓународниот Престедател на Паневропската унија, г-дин Ален Тереноар, г-дин Хенри Боне, Директор на Фондацијата Конрад Аденауер во Скопје, како и г-дин Васко Наумовски, Вицепремиер за европски прашања, г-дин Марјан Ѓорчев, Претседател на ПЕУ Македонија и други.

На конференцијата во Скопје беше посочено дека новата Влада на Република Грција треба да покаже солидарност во однос на решавањето на спорот со името кој го води со Република Македонија, бидејќи духот и појдовната точка на Европската Унија е покажувањето на добра волја и конструктивен пристап кон решавање на билатералните проблеми, креирање на пријателство и заедничко функционирање на земјите од Европа и покрај нивните историски и културни разлики. Секое поставување на вето по однос на кое било прашање помеѓу две

земји би го довело во опасност опстојувањето и функционирањето на самата Европска унија.
Претседателот на ПЕУ, г-дин Ален Тереноар истакна дека за Паневропската унија, Македонија секогаш била и ќе остане Македонија, а исто така побара блокадата да се тргне за да Македонија што побрзо стане дел од семејството на кое му припаѓа.
Вицепремиерот Наумовски истакна дека и покрај пречките, Македонија останува цврсто посветена на својот интегративен процес и дури и без датум за преговори во јуни, Македонија ќе продолжи да ги исполнува Копенхашките критериуми се до последниот, првенствено заради добросостојбата на самата земја, а исто така и за да го дочека стартот на преговорите подготвена.

Конференцијата разви интересни дискусии кои се од големо значење за Република Македонија. Имено, поддршката од гостите од странство е навистина значајна за целокупниот напредок на Република Македонија и нејзината интеграција во ЕУ и НАТО.

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, Скопје и понатаму ќе работи за зголемување на поддршката и напредокот на процесот на интеграција на Република Македонија.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk